# Living the Lotus

*Buddhism in Everyday Life*

4
2024
VOL. 223



Rissho Kosei-kai of Bangladesh

**Living the Lotus**
**Vol.223 (Април 2024)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада,
Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: living.the.lotus.rk-international
@kosei-kai.or.jp
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопс Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното
Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Прифаќање на нештата такви какви што тие навистина се

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Што е вистина?

дНа врвот на камењата на водопад, / Двојно цвеќе никнало како кокиче - / Пролетта дојде.е Оваа поема, напишана од Принцот Шики (668-716, седмиот син на Императорот Тенџи), го слави доаѓањето на пролетта, како тој нашол свежи никнати кокичиња на страната на водопад кој тече енергично помеѓу камењата. Оваа прекрасна поема од Мањошу, дКолекција на Десет Илјади Лисја,е која беше составена за време на Нара периодот (710-794), совршено го пренесува дури на тие од нас кои живееме сега, со векови после пишувањето на поемата, чувството на возбуда кога пролетта е во воздухот.

Сепак, во денешно време ние имаме тешкотија да се воодушевуваме на природата со чисти очи на луѓе од Мањошу времињата и радосно, благодарно да ги прифатиме нештата такви како што тие навистина се. Поемите како овие ни ја покажуваат нас облачноста и неадекватноста на нашите сопствени умови.

Во разговорот запишан во древна света книга кој Шакјамуни го имал со браман, тој вели, дЗа мене, поддржувањето на вистината е како косење на поле со трева.е За Шакјамуни, поддржувањето на вистината е истото како косење направено од земјоделец кој култивира поле. Затоа што вака стојат нештата, што Шакјамуни мисли преку двистината,е и што дподдржувањето на тоае значи?

## Не постои растение со името дплевеле

Сепак, заблудата може исто да стане водечка сила за напредок и подобрување. Како што е кажано од учењето дЗаблудите се неделиви од разбудувањето,е ние можеме да кажеме дека заблудите и разбудувањето се конечно едно и истото. Ако луѓето се обдарени со моќта да се разбудат кон вистинската Дарма прецизно заради тоа што тие поседуваат големи заблуди, тогаш заблудите мора да се благослови кои нè одржуваат и нè хранат нас. Можеби никој не е повеќе веројатно да има голема промена на срцето отколку некој со големи заблуди. Причината дека Шакјамуни го употребувал изразот дкосење тревае во неговиот разговор со Браманот е дека ако ние го пресечеме плевелот на заблуди кои се шират преку нашите умови пред тие да станат премногу високи, и да продолжиме да ги ораме нив во почвата на нашите умови, ние можеме да ги употребиме нив да ја негуваме мудроста да ги прошириме нашите умови и да ги направиме полињата на нашите умови дури побогати и пофлексибилни.

Зборувајќи за плевелот, постои позната приказна за пионерот Јапонски ботаничар Томитаро Макино (1862-1957) кој го укорил репортерот кој невнимателно го употребил зборот дплевел,е кажувајќи му нему: дНе постои растение во овој свет со името дплевел.е Секој вид на растение има соодветно име.е И на сличен начин, сите заблуди кои се споредени со плевел на умот исто имаат значење и вредност. До нас е да процениме дали ќе ги оставиме нашите заблуди да завршат како обични заблуди, или дали тие ќе водат кон духовен растеж.

На Новогодишниот ден, 2024, земјотрес го погоди Јапонскиот Ното полуостров, причинувајќи сурова штета. Ние човечките битија мислиме на земјотресите како ништо друго освен катастрофи, но во светло на историјата на планетата Земја, тие се само една форма на природни феномени кои продолжуваат да се случуваат до денешното време. Ние можеме дури да речеме дека со соочувањето со овој факт, таков каков што е, ние учествуваме во важен процес кој ги поврзува природните катастрофи со човечката мудрост. Се разбира, кога ние ги гледаме тешките состојби кои ги трпат луѓето погодени од катастрофа, ние неможеме да ја прифатиме таа реалност без да станеме емоционални; ние неможеме а да не ги жалиме тие кои починале и да чувствуваме сочуство за тие чии животи станале те шки.

(Од *Косеи*, Април 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Станувајќи членови на Ришо Косеи-каи

### Практикувајќи го учењето како член

Во Ришо Косеи-каи, сите членови со почит ја држат церемонијата на инвокација да го вградат во нивниот домашен олтар Гохонзонот, објектот на побожност (Вечниот Буда Шакјамуни, Големиот Добронамерен Учител, Светски Почитуваниот); Гохого, Дарма Насловите на двајцата Основачот Никјо Нивано (Големиот Учител на Едното Возило) и Коосновачот Мјоко (Бодисатвата на Патот на Сочуство); Сокаимјо, постхумни имиња на сите духови на претците во фамиилијата; и Такучи Инен, натпис на прочистување на земјата (вид на постхумно име преку кое членовите се молат за сите духови поврзани со нивните земји на живеење).

Кога Гохонзонот е вграден во домашниот олтар на членовите, санга членовите се собираат таму да понудат сутра рецитирање заедно и да се заложат да ги практикуваат учењата.







**Дали знаевте?**

Членовите рецитираат О-даимоку, дНаму Мјохо Ренге Кјо,е секој ден. Наму значи дда се земе засолниште во,е и Мјохо Ренге Кјо значи дСутрата на Лотосовиот Цвет на Прекрасната Дарма,е која е целосниот наслов на Лотос Сутрата. Заради тоа, рецитирањето на дНаму Мјохо Ренге Кјое е израз на нашата сесрдна посветеност кон учењата на Лотос Сутрата и нашиот завет да ги практикуваме нив.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Будистички домашни олтари






При нашиот домашен олтар, ние го инсталираме Гохонзонот, Гохого, Сокаимјо, и Такучи Инен. Во молитвата на инвокација, ние со цело срце ги повикуваме сите имиња на тие што се вградени така да нивните духови се присутни помеѓу нас. Ние нудиме цвеќиња, ориз, леб, вода, чај, кафе, или слични предмети, за Будата и за сите духови на претците во нашите сопствени фамилии со целите наши срца.

Домашниот олтар е исто местото каде ние го почнуваме денот со чувство на благодарност, ветувајќи дека ќе направиме нешто добро за другите и да се осврнеме кон нашите дела на крајот на денот. Будата и вашите претци би биле многу задоволни ако ги склопите вашите дланки заедно со благодарност секое утро и покасно да пренесете што имате направено тој ден, кога ќе се вратите дома.

# Луѓето кои служат како пример

## Улогата да се биде дете на Будата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Во Ришо Косеи-каи, тоа што ние го нарекуваме дулогае е крајно важно. Вие често ќе ги слушнете фразите како дТаа личност е некој кој има улога,е или дПостои улога за тебе која треба да ја играш!е

Овој збор дулогае се однесува не само на официјалните позиции во сангхата, како што се водач на дел и водач на подрачје, но фактот дека секој член има витална улога, што значи дека тие имаат занимање. Ова треба природно да стане јасно кога ние размислуваме на учењата на Лотос Сутрата на која ние се посветуваме себеси.

Прво и најважно, во дВешти методие поглавјето на Лотос Сутрата, тоа вели дека Будата се појавил во овој свет заради дЕдна голема цел.е Оваа дЕдна голема целе е големиот стремеж да се водат сите луѓе да се качат на Буда Патот и да ги води нив да достигнат состојба еднаква на таа на буда. Како членови на Ришо Косеи-каи, сите вие сте веќе активно вклучени во дЕдна голема цел,е така да кога станува збор за улогата која вие ја делите Ђ како деца и емисари на Будата Ђ јас мислам дека тоа е да се води баш секоја личност што е можно да влезе на Буда Патот.

Како додаток на оваа првенствена улога, постојат многу други улоги во оквир на Дарма центарот. Важноста на тие може лесно да биде разберена кога вие размислувате на учењата на Лотос Сутрата. Да се сумираат главните точки на учењата на Лотос Сутрата, тие се како што следи:

1. Се што постои во светот има добиено поклон на животот и се одржува преку Вечниот Оригинален Буда.
2. Заради тоа, сите битија се суштински еднакви, и иако тие како феномени се мани фестираат во милиони различни улоги, тие сите стануваат буди преку нивно целосно исполнување на тие улоги.
3. Овој свет е заедница на сите живи битија, и вистинскиот начин на живот за сите е да соработуваат еден со друг. Идеалното општество (дЗемјата на Вечно Спокојно Свет лое) е целосното реализирање на таа соработка.

Ако вие ги преиспитате тие три точки, вие ќе дојдете до разбирање на важноста на секој вид на улога.






## A Global Buddhist Movement




Information about local Dharma centers

facebook

twitter

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот : [living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp](mailto:living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp)